ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-9290/4
07. 08. 2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

**ГРАД СКОПЈЕ**
**СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**СКОПЈЕ**

# ПРИЛОГ КОН ПРИЈАВАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛОТ: “СКОПСКИ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ”

## СОДРЖИНИ, УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ОД СТРАНА НА РЕАЛИЗАТОРОТ НА ФЕСТИВАЛОТ: “ СКОПСКИ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ ”

## 1. СОДРЖИНИ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА

Манифестацијата се очекува да биде дестинација каде ќе се презентира музиката на светот, забава на која ќе земат учество инструменталисти, бендови и соло изведувачи од светски рамки кој ќе го промовираат својот вокален и музикален капацитет пред домашната публика препознаени на светската џез сцена. Со оваа манифестација се очекува туристичка промоција на градот Скопје и забележување на мапата на европски и светски метрополи каде се одржуваат вакви фестивали.

- Се очекува да бидат поканети реномирани домашни и странски бендови од Градот и регионот препознаени на џез сцената;
- Се очекува да понуди листа за соработка и покани за учество на здруженија или мали претприемачи или стартапи кои можат да направат промоција на традиционални македонски производи со симболика на Градот;
- Да понуди краток нацрт-проект за одвивање на фестивалот посветен на џез музиката за широк аудиториум;
- Да обезбеди репрезентативни штандови/шатори за презентација на освежителни пијалоци ;
- Да организира церемонија на отворање на фестивалот од страна на Градоначалникот на Град Скопје;
- Покани до останатио презентери на ракотворби и музички примероци поврзани со џез музиката по избор на реализаторот на Проектот и обезбедување на нивна продажба;
- Означување на локацијата со промотивни материјали и уредување за враќање во состојба како пред нејзината употреба;

## 2. УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛОТ

- Искуство во организација и координација на манифестации, настани и фестивали од отворен карактер најмалку пет години;
- Време на одржување - во консултација со Град Скопје;
- Локација: Атрактивна локација во консултација со Град Скопје;
- Инфраструктура: во договор со Град Скопје;
    - означување на просторот во кој ќе се одвива фестивалот со промо материјали,
    - обезбедување и приклучување на електрична инсталација,

- обезбедување на соодветно озвучување и осветлување според локацијата и објектите,
- обезбедување и приклучување на водоводна инсталација,
- организаторот на настанот во соработка со Секторот ЛЕР и Секторот за Комунални работи на Град Скопје, да обезбедат чистење на локацијата каде што ќе се одржува манифестацијата пред и после завршување на иститот (во соработка со ЈП Комунална хигиена на Град Скопје),
- обезбедување на подвижни санитарни чворови за одржување на хигиената на манифестацијата (договор со соодветна фирма),број на подвижни тоалети (тои-фори) според бројот на очекуваните гости доколку настанот е на отворен простор,
- репрезентативно - продажни шатори,куќички, пултови, маси и клупи за посетителите,
- обезбедување на соодветна активна анимација на манифестацијата по програмата на манифестацијата (краток нацрт на проект со идеи),
- поседување на соодветна опрема за логистика на фестивалот,
- обезбедување на соодветна музичка опрема за исполнување на музичката програма на фестивалот (договор или пред-договор со фирма за соодветната опрема),
- голема бина каде ќе се презентираат домашни и странски музички бендови. На бината, како и на влезот на локацијата да се постави на видно место логото на Град Скопје,
- останати инфраструктурни елементи кои ќе бидат предложени од страна на реализаторот и излагачите;

- Информирање на Безбедносни служби за настан (во договор со Град Скопје и МВР);
- Ангажирање на агенција за одржување на јавниот ред на локацијата во градот;
- Изработка на репрезентативен и промотивен материјал со лого на Град Скопје;
- Медиумска покриеност на фестивалот, како од електронските, така и од пишаните медиуми (една недела пред настанот, да се одржи прес конференција за да се инфомира јавноста, гостување на емисија, информација која ќе се сподели на социјални медиуми , радиостаници, електронски весници);
- Обезбедување на соодветен нацрт - графички предлог за пропагандниот материјал на фестивалот (плакат, флаер, брошура, плакета, благодарница);
- Водење на посебна евиденција на документи на приходите и трошоците околу организацијата на фестивалот која по завршувањето на фестивалот ќе биде предадена на градот.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ПО ЈАВЕН ПОВИК

За носител на Договорот по Јавен повик ќе биде избрана онаа пријава која што ќе биде оценета како најповолна од збирот на бодовите за секој елемент посебно.

| Критериуми | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организацискаструктура и ресурси** | **30** |
| 1.1 Апликантот има потребна организациска структура и човечки ресурси за реализација на фестивалот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица, итн) | 10 |
| 1.2 Апликантот располага со логистика (канцелариски простор и техничка опрема за реализација на фестивалот) | 10 |
| 1.3 Видливост на апликантот online | 10 |
| **2. Финансирање на предлог проектот за реализација** | **30** |

| | |
|---|---|
| **на фестивалот** | |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на фестивалот | 10 |
| 2.2 Апликантот обезбедува процент на сопствено учество во остварување на проектот | 10 |
| 2.3 Реален финансиски план (описот на трошоци по категории позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |
| **3. Квалитет на предлог проектот за реализација на фестивалот** | **40** |
| 3.1 Јасна и соодветно определена општа цел на предлог проектот која ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети од Програмата на активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог проектот | 10 |
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | 10 |
| 4 Предлог проектот за спроведување на фестивалот е јасен и остварлив | 10 |

Секоја област од посебните критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1- не, 5 - делумно и 10 - да.

*Напомена:

- Во поднесениот предлог проект да се достави список на бендови кои ќе учествуваат на фестивалот;
- Да се достави потпишана согласност за пријава на интерес за учество на фестивалот, за секој учесник и угостителски објект посебно;
- Да се наведе искуството на апликантот за организирање на фестивали посветени особено на џез музика (при оценување во предвид ќе се земе организација на фестивали од сличен тип во поглед на масовност на фестивали, времетраење исл.);
- Во доставениот предлог проект да се достави забавна програма ( музички имиња и сл.)
- Да се достават биографии на организаторите на фестивалот.

Изработил, Рукије Асани
Контролирал, Марина Мисајлески
Одобрил, Марина Мисајлески

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP